Република Македонија ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено | 15.05.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| УП1 10 | 12 | | — |

10
15.05.2020

ДО

Општина Ресен

Почитувани,

Ова е официјален допис со барање за собирање на информации.

Институтот ПРЕСПА е независен аналитички центар, тинк-танк организација, со седиште во Скопје, Северна Македонија, кој е посветен на проучување, истражување и анализа на меѓународни работи и надворешна политика, како и за европски прашања и европеизација.

Првиот проект кој институтот Преспа ќе го спроведе е **Интернационален Импакт Индекс (International Impact Index)** или **3I Index,** кој е синтетички индекс осмислен да ја мери и утврдува проекцијата на различни држави. Индексот има за цел да го мери присуството на различни држави во Северна Македонија, преку економска, политичка и културна димензија. Индексот на присуство се пресметува врз основа на објективни и јавно достапни информации.

Главната цел на проектот е да се придонесе кон зголемување на разбирањето на надворешната политика како и пристапот кон глобализацијата и европеизацијата. Во истражувањето ќе бидат опфатени повеќе од 30 држави на светско ниво. Присуството ќе се мери на годишно ниво, а наодите ќе бидат објавени во извештај и визуелизирани на веб-платформа.

За успешна имплементација на проектот потребна ни е вашата асистенција.

Ве молиме да ги потврдите следните информации:

1. Збратимени општини:
    - Пустец, Албанија;
    - Корча, Албанија;
    - Берковица, Бугарија;
    - Преспа-Солун, Грција;
    - Корчула, Хрватска;
    - Кроунт Поинт, САД;
    - Осло, Норвешка;
    - Искасентѓорг, Унгарија;
    - Калафат, Романија;
2. Ве молиме да ги наведете годините на збратимување на сите општини поединечно.
3. Доколку има збратимувања со општини кои не се на листата ве молиме да ги наведете и нив, како и годините во кои биле потпишани тие збратимувања.

Доколку ви се потребни дополителни информации, ве молиме контактирајте не.

Поради природата и карактерот на проектот а со цел на успешно имплементирање на истиот, ве молиме да ни ги доставите бараните информации до 21 Мај 2020.

Средечен поздрав,

Преспа Институт